РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

Број 01–1308/1
март 2012 година, Скопје

*Врз основа на член 7 став (2) од Законот за државните службеници, Агенцијата за администрација, на .2012 година, поднесува* **Извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2011 година**

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ..... 2
I.1 Статус и надлежности ..... 2
I.2 Организациска поставеност и раководење ..... 2
I.3 Кадровска состојба ..... 3
I.4 Стручно оспособување и усовршување на вработените ..... 6
II. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2011 ГОДИНА ..... 8
III. ЗАКОНСКА РАМКА ..... 9
III.1 Закон за државните службеници, Закон за јавните службеници и подзаконските акти кои од нив произлегуваат ..... 9
III.1.1 Измени и дополнувања на Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници ..... 9
III.1.2 Подзаконски акти ..... 9
IV. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИ НАДЛЕЖНОСТИ ..... 11
IV.1 Согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места на органите на државната служба ..... 11
IV.2 Селекција и вработување на државни и јавни службеници ..... 13
IV.2.1 Објавување на јавни и интерни огласи за државни службеници. 13
IV.2.2 Административна селекција, испит за државен службеник и интервју ..... 14
IV.2.3 Приправнички испити ..... 14
IV.2.4 Испити за стекнување со статус на државен службеник ..... 14
IV.2.5 Соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците ..... 15
IV.2.6 Објавување на јавни огласи за јавни службеници ..... 15
IV.2.7 Испити за стекнување со статус на јавен службеник ..... 15
IV.3 Второстепен систем за заштита на правата на државните и јавните службеници ..... 15
IV.3.1 Комисија на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници ..... 15
IV.3.2 Комисија на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници ..... 17
V. УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРО-АТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИПА ..... 19
VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ..... 21
VII. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ ..... 22
VIII. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2012 ГОДИНА ..... 23

# I. ВОВЕД

## I.1 Статус и надлежности

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр.167/10), усвоен од Собранието на Република Македонија на крајот на 2010 година, Агенцијата за државни службеници продолжи да работи како Агенција за администрација (во понатамошниот текст: Агенцијата).

Агенцијата има статус на самостоен државен орган со својство на правно лице. За својата работа, Агенцијата поднесува годишен извештај на усвојување до Собранието на Република Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година.

Агенцијата ги спроведува следните надлежности:

- дава писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите на државната служба;
- организира и спроведува постапка за селекција и вработување на државен службеник;
- одлучува по жалби и приговори на државните службеници, како второстепен орган и
- врши и други работи утврдени со закон.

Со почнувањето на примената на Законот за јавните службеници (24 април 2011 година) Агенцијата остварува и надлежности поврзани со:

- постапката за селекција и вработување на јавен службеник и
- заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавните службеници.

## I.2 Организациска поставеност и раководење

Агенцијата е организирана во 3 сектори со 9 одделенија во нивен состав и 3 самостојни одделенија, и тоа:

(1) Сектор за правни работи со следните одделенија:
- Одделение за согласност на акти за внатрешна организација и систематизација на работни места;
- Одделение за нормативни работи и соработка со државни органи;
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на државните службеници;
- Одделение за одлучување по жалби и приговори на јавните службеници.

(2) Сектор за селекција и вработување на државен и јавен службеник, со следните одделенија:
- Одделение за селекција и вработување на државен службеник;
- Одделение за селекција и вработување на јавен службеник.

(3) Сектор за стручни, организациски и општи работи со следните одделенија:
- Одделение за стручни и организациски работи;
- Одделение за архивско и канцелариско работење;
- Одделение за информатичка технологија и поддршка.

Самостојни одделенија се:

(1) Одделение за управување со човечки ресурси;
(2) Одделение за внатрешна ревизија;
(3) Одделение за финансиски прашања.

Со Агенцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија за време од шест години. Директорот на Агенцијата има заменик. За својата работа и за работата на Агенцијата, директорот и заменикот на Агенцијата одговараат пред Собранието на Република Македонија.

## I.3 Кадровска состојба

Заклучно со 31 декември 2011 година, бројот на вработени во Агенцијата изнесува 37 (36 - со статус на државни службеници и 1 вработен - без статус на државен службеник). Во Правилникот за систематизација на работни места на Агенцијата, предвидени се работни места за 92 извршители, што значи дека процентот на пополнетост изнесува 40,2%.

Што се однесува до структурата на вработените, состојбата е следна:

**Согласно степенот на образование:**
- со VII степен на образование - 24 (64,8%) вработени;
- со IV степен на образование - 12 (32,4%) вработени и
- со III степен на образование - 1 (2,7%) вработен.



**По групи на државни службеници:**

- раководни државни службеници - 8(21,6%);
- стручни државни службеници - 16(43,2%);
- стручно-административни државни службеници - 12(32,4%) и
- вработен без статус на државен службеник - 1(2,7%).




**Полова структура:**

- мажи - 12 (32,4%) и
- жени - 25 (67,5%).




**Старосна структура:**

- до 25 години – 0;
- од 25-35 години – 12 (32,4%);
- од 35-45 години – 10 (27,0%);
- од 45-55 години – 6 (16, 2%) и
- над 55 години – 9 (24, 3%)



**Национална припадност:**

Пред трансформацијата на Агенцијата за државни службеници во Агенција за администрација, вкупниот број на вработени изнесуваше 59, од кои 12 (20.3%) припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија. Врз основа на членот 52 од Законот за изменување на законот за државните службеници („Службен весник на РМ" бр.167/11) и согласно Програмата за распоредување на државни службеници чии работни места се укинуваат, усвоена од Владата на Република Македонија, во јануари 2011 година, 19 државни службеници од Агенцијата (од кои 4 припадници на заедниците) засноваа работен однос без објавување на јавен оглас (спогодбено преземање) во Министерството за информатичко општество и администрација. Во август 2011 година, 1 државен службеник од Агенцијата, припадник на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија беше именуван за носител на јавна функција во орган на државна управа. Со тоа бројот на припадници на заедниците од вкупниот број на вработени се намали за 5 (8,47%).

Оттаму, на крајот на 2011 година, од вкупно 37-те вработени во Агенцијата, 30 (81,1%) се Македонци, 7 (18,9%) се припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија, и тоа:

- Македонци 30 (81,1%);
- Албанци 5 (13,5%);
- Турци 1 (2,7%) и
- Роми 1 (2,7%).




Во септември 2011 година, започната е постапка за спогодбено преземање на 3 државни службеници од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во Агенцијата. По реализацијата на оваа активност, структурата според национална припадност на вработените во Агенцијата ќе се подобри.

## I.4 Стручно оспособување и усовршување на вработените

Во текот на 2011 година, функционерите и државните службеници од Агенцијата учествуваа на 17 конференции, обуки, семинари, работилници, и тоа:

- „Електронски систем за јавни набавки" – Министерство за финансии - Биро за јавни набавки (18 јануари, Скопје);
- „Развивање и разбирање на раководството, интегративно раководство и раководство во локалните заедници и општините" – UNDP CSSP (02-04 март, Маврово);
- „Конзистентна примена на Законот за јавни набавки" – Министерство за информатичко општество и администрација (08 март,Скопје);
- „Управување со човечки ресурси - суштина на концептот" - Министерство за информатичко општество и администрација (15 април,Скопје);
- „Антикорупција во јавната администрација – превенцијата и антикорупциските системи во државите од Источен Балкан" - РЕСПА, (26-29 април, Даниловград, Република Црна Гора);
- „Управување со проектен циклус" - Министерство за информатичко општество и администрација (05-07 мај, Скопје);
- „Прирачник за најдобри практики во спречување и решавање спорови во државната служба" – ITC/ILO (27-29 јуни, Торино, Република Италија)
- „Конзистентна примена на Законот за електронско управување" - Министерство за информатичко општество и администрација (23 септември, Скопје);
- „Управување со ефикасност – буџет и финансии" - Министерство за информатичко општество и администрација (29-30 септември, Скопје);
- Трета годишна Конференција „Систем на компетенции во државна служба" - Министерство за информатичко општество и администрација (29 септември 2011, Скопје)
- Конференција „Информатичко општество-иднината на Македонија"- Министерство за информатичко општество и администрација (29 септември 2011, Скопје)
- „Работилница за функционери" Модул 1 – Министерство за информатичко општество и администрација (30 септември - 02 октомври 2011 година, Битола)
- „Закон за електронско управување" – Министерство за информатичко општество и администрација (18 октомври, Скопје);
- Конференција на високо ниво „Политика за подобра регулатива како инструмент за зајакнување на владеењето на правото" - Министерство за информатичко општество и администрација и Мисијата на ОБСЕ во Скопје (19 - 20 октомври 2011, Скопје)
- „Вовед во Е-Влада" - Министерство за информатичко општество и администрација (04 ноември, Скопје);
- „Управување со човечки ресурси" – РЕСПА (15-18 ноември, Даниловград - Република Црна Гора);
- „Работилница за функционери" Модул 2 – Министерство за информатичко општество и администрација (02 - 04 декември 2011 година, Берово)

Претставници на Агенцијата се јавија и во улога на обучувачи на генерички обуки за државни службеници, и тоа на следните теми:

- „Постапка за селекција и вработување на државни службеници" - Министерство за информатичко општество и администрација (24-25 март; 28-29 ноември, Скопје)
- „Антикорупциски мерки и етика во државната служба" – Министерство за информатичко општество и администрација (05 април, Скопје)
- „Систем на јавна администрација и државна служба" – Министерство за информатичко општество и администрација (12-13 април; 13-14 октомври и 12-13 декември, Скопје)
- „Вовед во работењето, Менторство и Излезно интервју" – ЗЕЛС (20-21 јуни 2011, Маврово и 04-05 јули, Велес)
- „Оценување на државните службеници" – ЗЕЛС (20-21 октомври 2011, Охрид, 03-04 ноември 2011, Маврово и 10-11 ноември, Велес)
- „Постапка за утврдување на дисциплинска одговорност" - Министерството за внатрешни работи (02-04 ноември, Охрид)
- „Етика и етичко однесување" – Министерство за труд и социјална политика (15 декември, Скопје)

## II. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2011 ГОДИНА

Во текот на 2011 година Агенцијата, воглавно, беше фокусирана на спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници и на оние кои за неа произлегоа по отпочнување на примената на Законот за јавните службеници, особено во делот на постапките за вработување и одлучување во втор степен по жалби и приговори на државните и јавните службеници.

На почетокот на 2011 година активностите на Агенцијата беа насочени кон воспоставување на организациски и стручно - технички услови за нејзино непречено функционирање по настаната структурна трансформација од Агенција за државни службеници во Агенција за администрација.

Имено, врз основа на Програмата за распоредување на државни службеници чии работни места се укинуваат, усвоена од Владата на Република Македонија, 19 државни службеници од Агенцијата (вработените во Секторот за обука, во Одделението за Централен регистар и државниот советник за ИТ) засноваа работен однос без ојавување на јавен оглас (спогодбено преземање) во Министерството за информатичко општество и администрација. На 5 јануари 2011 година се донесе Правилник на Агенцијата за администрација за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за државни службеници, согласно кој на вработените (40 државни службеници) им беа врачени решенија за распоредување во Агенцијата, сметано од 1 јануари 2011 година.

Со решение број 30120110002765 од 3 јануари 2011 година на Централниот регистар на Република Македонија се изврши упис на промената на називот на Агенцијата за државни службеници во Агенција за администрација.

Собранието на Република Македонија на 7 февруари именуваше директор на Агенцијата.

Со цел прилагодување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места со новите надлежности, кои за Агенцијата произлегоа од Законот за јавните службеници, а и заради усогласување со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, во септември 2011 година директорот на Агенцијата донесе нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работните места.

Во декември 2011 година Агенцијата донесе Стратешки план за периодот 2012-2014 и Програма за работа за 2012 година.

Во текот на 2011 година, Агенцијата беше посветена и на спроведување на мерките и активностите, кои произлегуваат од остварувањето на нејзините надлежности во рамки на реформата на државната служба, како значаен сегмент на реформата на јавната администрација во Република Македонија.

Во овој контекст, Агенцијата се фокусираше на обврските кои произлегоа од стратешките документи на Република Македонија, како што се: Претпристапното партнерство, Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија (НПАА) - Ревизија 2011 и Годишната програма на Република Македонија за членство во НАТО 2011 - 2012. Исто така, Агенцијата учествуваше во подготовката на прилозите и презентациите и работата на Вториот и Третиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА) помеѓу Република Македонија и Европската унија во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

## III. ЗАКОНСКА РАМКА

### III.1 Закон за државните службеници, Закон за јавните службеници и подзаконските акти кои од нив произлегуваат

### III.1.1 Измени и дополнувања на Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници

Во текот на 2011 година Агенцијата учествуваше во давање мислења по предложените изменувања и дополнувања на Законот за државните службеници и Закснот за јавните службеници, подготвени од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

### III.1.2 Подзаконски акти

Што се однесува до подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници, Агенцијата даваше свои коментари и забелешки на предлог текстовите на:

- Уредбата за измена и дополнување на Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа;
- Правилник за содржината на годишниот извештај за спроведен надзор;
- Правилник за работни места со висок ризик по животот и здравјето на државниот службеник;
- Правилник за поблиски критериуми за добивање парична награда на државните службеници;
- Правилник за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за државните службеници;
- Правилник за содржината на Годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците (за државните службеници);
- Правилник за начинот на водење на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап;
- Правилник за содржината и формата на Годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници;
- Правилник за содржината на Годишниот извештај за податоците од Регистарот на државните службеници;
- Правилник за содржината и формата на Полугодишен извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници;
- Правилник за начинот на селекција и вработување на државните службеници и за формата и содржината на пријавата за интерен оглас за вработување на државен службеник;

- Етичкиот кодекс за државните службеници;
- Правилник за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за јавните службеници;
- Правилник за содржината на Годишниот извештај за податоците од Регистарот на јавните службеници;
- Правилник за содржината и формата на Годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на јавните службеници;
- Правилник за формата и содржината на образецот за оценување на јавниот службеник;
- Правилник за формата и содржината на Извештајот за извршените оценувања на јавните службеници;
- Правилник за содржината на Годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците (за јавните службеници);
- Етичкиот кодекс за јавните службеници.

## IV. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИ НАДЛЕЖНОСТИ

### IV.1 Согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места на органите на државната служба

Во рамки на својата надлежност, утврдена во член 7 став (3) алинеја 1 од Законот за државните службеници за давање писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите на државната служба од централната и локалната власт, Агенцијата во текот на 2011 година, има изработено и доставено вкупно 294 согласности на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Покрај ова, во постапката на подготвување, доставени се и 37 писмени укажувања, со цел отстранување на недостатоците/неправилностите кои Агенцијата ги констатирала во текстот на предлог-актите, доставени од страна на органите на државната служба. Во постапката за давање согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места беа реализирани и голем број на координативни состаноци/средби со претставници од споменатите органи, со цел обезбедување на стручна помош и непосредно усогласување на предложените акти, меѓу претставниците на Агенцијата и претставниците на органите на државната служба.

Постапувајќи по барањата на органите на централната власт, Агенцијата има дадено 165 согласности, од кои 19 на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, 17 согласности на акти за изменување и дополнување на акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, 126 согласности на акти за изменување и дополнување на акти за систематизација на работните места, и 3 согласности на акти за изменување и дополнување на акти за внатрешна организација. Во постапката на давање писмена согласност, дадени се и 25 писмени укажувања.

На ниво на органи на локалната власт, Агенцијата има дадено 129 согласности, од кои 14 согласности на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, 106 согласности на акти за изменување и дополнување на акти за систематизација на работни места и 9 согласности на акти за изменување и дополнување на акти за внатрешна организација. Во постапката на давање писмена согласност, дадени се и 12 писмени укажувања.

Согласноста на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите државната служба, Агенцијата ја дава врз основа на оценка на усогласеноста на актите со Законот за државните службеници, Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, Уредбата за описите на звањата на државните службеници, Правилникот за содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и други посебни прописи со кои се регулираат прашања од областа на државната служба.

Во оваа смисла, секоја измена во наведената правна регулатива подразбира и соодветно усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на органите. Како резултат на измени во правната регулатива, во текот на 2011 година се правеа следните усогласувања на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места:

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“, бр. 167/10), кој започна да се применува од 01 јануари 2011 година, органите на државната служба имаа обврска да извршат усогласување на актите за систематизација на работните места со одредбите од Законот, со цел да се овозможи вработување на државни службеници со стекнати 180 кредити според ЕКТС, и тоа во звањата: помлад соработник, соработник и виш соработник. Во таа смисла, во текот на 2011 година, беа интензивирани работните активности на Агенцијата за давање согласности на барања за измени на актите за систематизација на работните места во органите од член 3 став (2) од Законот за државните службеници.

Во оваа година, голем дел од активностите беа фокусирани на усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на органите чии вработени за прв пат се стекнаа со статус на државен службеник, согласно измените на Законот за државните службеници од септември 2009 година („Службен весник на РМ“, бр. 114/09).

Во октомври 2011 година се изврши изменување и дополнување и на Уредбата за начелата за внатрешна организација („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/11), со цел нејзино усогласување со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Имено, во Уредбата се утврди обврска за формирање на организациска единица за финансиски прашања (сектор или одделение), чиј раководител директно одговара на функционерот, кој раководи со органот. Оттаму, органите на државната служба пристапија кон усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, така што одреден дел од барањата за писмена согласност се однесуваа на измени, со цел организирање на единиците за финансиски прашања на начин што обезбедува независност во нивното работење.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 161/10, 157/11“), кој започна да се применува од 01 април 2011 година, органите на државната служба, исто така, имаа обврска да ги усогласат актите за внатрешна организација и систематизација на работните места со одредбите на Законот до денот на започнување на примена на законот. Со овој закон, покрај другото, се регулираат и одредени прашања поврзани со системот на државна служба (статус на инспекторите, звања, услови во однос на работно искуство и сл). Со оглед на тоа што најголемиот дел од инспекторите се со статус на државен службеник, одреден дел од барањата за давање писмена согласност, во текот на 2011 година, беа и како резултат на оваа законска обврска.

Во најголем дел, барањата за давање писмена согласност од страна на органите се однесуваат на изменување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, преку измени во организациската структура на органите, отворање на нови работни места, укинување на постојните работни места, изменување на описите на работните места, изменување на посебните услови за вработување на државни службеници на одредени работни места, измени поврзани со мерките и активностите што произлегуваат од процесите на евро-атлантска интеграција и сл. За жал, и покрај напорите на вработените во Агенцијата и многубројните одржани обуки од оваа област, може да се констатира дека, интервенциите на органите во актите за внатрешна организација и систематизација само во ретки случаи се засновани на спроведени функционални анализи, или ретко се донесени врз основа на стратешките планови, програмите за работа и програмите за обука на органите.

Со цел стандардизирање на постапката на подготовка на правилниците на систематизација на работните места во органите на централната и локалната власт во државната служба и обезбедување на доследност при давањето на писмената согласност, Агенцијата, на својата веб локација им препорача на органите на државната служба при наведувањето на видот на образование во описите на работните места во новите или изменувањата и дополнувањата на постојните правилници за систематизација на работните места да утврдуваат конкретен вид на образование или групи на образование, согласно Класификацијата на научно - истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната фраскатиева класификација (донесена од страна на Министерството за образование и наука, а објавена во „Службен весник на РМ“ бр.103/2010 и на веб локацијата на Агенцијата). Едновремено, органите на државната служба беа информирани дека гореспоменатата класификација ќе се има предвид и при административната селекција во постапката за вработување на државните и јавните службеници.

## IV.2 Селекција и вработување на државни и јавни службеници

Агенцијата и во 2011 година продолжи со остварување на надлежностите од сферата на селекција и вработување на државните службеници – објавување на јавни и интерни огласи, спроведување на административна селекција и испити за државни службеници, учествување во спроведување на интервјуата, како и организација и учество во приправничките испити и испити за стекнување со статус на државен службеник.

Во втората половина од 2011 година Агенцијата отпочна со остварување на надлежноста поврзана со селекција и вработување на јавни службеници, утврдена во Законот за јавните службеници.

Агенцијата во ноември 2011 година на веб локацијата на Агенцијата објави, ажурирани и усогласени со актуелните закони, 406 прашања за испит за државен службеник и 322 прашања за испит за јавен службеник.

Со цел ефикасно и рационално спроведување на постапката за селекција и вработување на државен и јавен службеник, Агенцијата на својата веб локација во декември 2011 година објави Насоки за подготовка на барањата за објавување на јавен оглас за државни и јавни службеници (содржина на барањето и наведување на потребните прилози), наменети за органите на државната служба и за институциите на јавната служба.

### IV.2.1 Објавување на јавни и интерни огласи за државни службеници

Во текот на 2011 година, Агенцијата објави вкупно 221 јавен оглас за 1452 извршители за нови вработувања.

За потребите на државните органи беа објавени 118 јавни огласи за вработување на 1036 извршители, додека за во општините и градот Скопје беа објавени 103 јавни огласи за вработување на 416 извршители. Сторниран беше еден јавен оглас за едно работно место.

Во текот на 2011 година, Агенцијата објави вкупно 39 интерни огласи за 72 извршители.

За потребите на државните органи беа објавени 8 интерни огласи за унапредување на 17 извршители, додека за во општините и градот Скопје беа објавени 31 интерен оглас за унапредување на 55 извршители.

Во 2011 година, до Агенцијата се доставени и обработени вкупно 67.771 пријави за вработување по пат на јавен оглас или во просек 46,67 пријави за еден извршител. Од овој број 67.100 (99%) отпаѓа на пријави кои се доставени електронски, додека останатиот дел од 671 (1%) се доставени писмено до Архивата на Агенцијата. Со ова, Агенцијата се доближи кон поставената цел уште во 2005 година за целосно електронско аплицирање на објавените јавни огласи.

Во 2011 година, до Агенцијата се доставени и обработени и вкупно 94 пријави за вработување по пат на интерен оглас или во просек 1,3 пријави за еден извршител.

### IV.2.2 Административна селекција, испит за државен службеник и интервју

Во 2011 година, за потребите на објавените јавни огласи за вработување на државни службеници, Агенцијата организира и спроведе 221 постапка за административна селекција, 243 испити за државни службеници и учествуваше во спроведување на 249 интервјуа.

Што се однесува до постапката за селекција и вработување на државен службеник по пат на интерен оглас, Агенцијата организира и спроведе 39 постапки за административна селекција и учествуваше во спроведување на 38 интервјуа[1].

### IV.2.3 Приправнички испити

Во 2011 година, за полагање на приправнички испит се пријавиле 639 кандидати. Агенцијата учествуваше во организацијата и спроведувањето на приправничките испити за 598 кандидати во органите на централна власт и за 41 кандидати во општините и во Градот Скопје. Приправничкиот испит го положиле 638 кандидати, што значи дека само еден кандидат не успеал да го положи истиот односно 0,15 % од вкупниот број на приправници кои ги исполнувале условите за полагање на приправничкиот испит.

Од вкупниот број на кандидати кои успешно го положиле приправничкиот испит 474 (74,2%) биле со звање помлад соработник, додека 164 (25,8%) биле со звање помлад референт. Исто така, 392 (61,44%) приправници кои успешно го положиле приправничкиот испит се припадници на заедниците кои што не се мнозинство. Од нив 268 кандидати биле со звање помлад соработник, а 124 кандидати биле со звање помлад референт.

### IV.2.4 Испити за стекнување со статус на државен службеник

На барање на органите од член 3-а од Законот за државните службеници, во текот на 2011 година за полагање на испит за државен службеник заради стекнување со статус на државен службеник, Агенцијата организираше и спроведе испити за 38 кандидати. Сите кандидати го положија испитот.

[1] Бројот на спроведени административни селекции, испит за државен службеник и интервју вклучува и податоци за постапки за селекција и вработување на државен службеник по пат на јавен и интерен оглас отпочнати во 2010 година

### IV.2.5 Соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците

Начелото на соодветна и правична застапеност во континуитет се применува во постапките за селекција и вработување на државните службеници. При тоа, доследно се спроведува законската обврска за објавување на јавните огласи во најмалку еден од весниците кои се печатат на еден од јазиците на заедниците кои не се мнозинство. Понатаму, во составот на комисиите за вработување, еден од членовите е државен службеник од припадниците на заедниците кои не се мнозинство.

Во текот на 2011 година, во рамките на Владината потпрограма К5 – Соодветна и правична застапеност на заедниците, објавени се 6 огласи за вработување на 543 државни службеници – припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.[2]

### IV.2.6 Објавување на јавни огласи за јавни службеници

Почнувајќи од декември 2011 година, Агенцијата објави вкупно 8 јавни огласи за 23 извршители за нови вработувања.

Од институциите од областа на културата беа објавени 5 јавни огласи за 11 извршители. За потребите на јавните претпријатија беа објавени 2 за 10 извршители. Од сферата на образованието, беше објавен еден јавен оглас за 2 извршители.

Во 2011 година, до Агенцијата се доставени и обработени вкупно 430 пријави за вработување на јавни службеници по пат на јавен оглас или во просек 1,3 пријави за еден извршител. Од вкупниотј број, 425 (99%) отпаѓа на пријави кои се доставени електронски, додека останатиот дел од 5 пријави (1%) се доставени писмено до Архивата на Агенцијата.

### IV.2.7 Испити за стекнување со статус на јавен службеник

Исто така, Агенцијата во текот на 2011 година, на барање на институција од член 3 став (3) од Законот за јавните службеници, а заради стекнување со статус на јавен службеник, учествуваше во организација и спроведување на испит за јавен службеник за еден кандидат, кој го положи испитот за јавен службеник.

## IV.3 Второстепен систем за заштита на правата на државните и јавните службеници

### IV.3.1 Комисија на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници

Во извештајниот период, Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници одржа 47 седници.

До Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници, беа поднесени 605 жалби,

---

[2] Бројот на објавените огласи и бројот на извршителите, согласно Владината потпрограма К5 – Соодветна и правична застапеност на заедниците е вкалкулиран во вкупниот број на објавени јавни огласи за државните органи.

и приговори. Решени се 588 предмети, од кои 355 се од државни службеници вработени во државните органи, додека останатите 233 се од државни службеници вработени во општинската администрација.

Од вкупниот број на доставени жалби и приговори, поголемиот број се одбиени како неосновани. Уважените жалби и приговори се воглавно поради непочитување на одредбите од Законот за државни службеници и подзаконските акти од страна на првостепените органи.

**Структурата на решените жалби и приговори според видот на донесената одлука**

| Вид на одлука | Број | |
|---|---|---|
| Одбиени | 485 | 82,48% |
| Уважени | 73 | 12,41% |
| Отстапени или отфрлени | 27 | 4,60% |
| Повлечени | 3 | 0,51% |




**Структурата на поднесени жалби и приговори според основот**

| Основ за жалба | Број | |
|---|---|---|
| Распоредување | 152 | 25,12% |
| Престанок на вработувањето | 27 | 4,46% |
| Избор по оглас | 144 | 23,80% |
| Плата и надоместоци | 160 | 26,44% |
| Дисциплински постапки | 67 | 11,10% |
| Оценување | 43 | 7,10% |
| Суспензија | 10 | 1,65% |
| Годишен одмор | 2 | 0,33% |



Соработката на Комисијата со органите на централната и локалната власт, во однос на добивањето на одговори на жалбите и приговорите беше на потребното ниво.

### IV.3.2 Комисија на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници

Имајќи ја во предвид новата надлежност утврдена во Законот за јавните службеници, Агенцијата донесе нов Деловник за начинот на работа на Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници и Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 88/2011 и 4/2012).

Во јуни 2011 година се формираше Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници, која веднаш започна со работа.

До крајот на 2011 година, Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници одржа 7 седници. Од поднесени 28 жалби и приговори сите се решени.

**Структурата на решените жалби и приговори според видот на донесената одлука**

| Вид на одлука | Број | |
|---|---|---|
| Одбиени | 22 | 78,50% |
| Уважени | 4 | 14,30% |
| Отстапени или отфрлени | 1 | 3,60% |
| Ненадлежност | 1 | 3,60% |



**Структурата на поднесени жалби и приговори според основот**

| Основ за жалба | Број | |
|---|---|---|
| Распоредување | 1 | 3, 57% |
| Престанок на вработувањето | 13 | 46,42% |
| Избор по оглас | 2 | 7,14% |
| Плата и надоместоци | 3 | 10,71% |
| Дисциплински постапки | 1 | 3,57% |
| Суспензија | 6 | 21,45% |
| Стекнување со статус на јавен службеник | 2 | 7,14% |



## V. УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРО-АТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИПА

Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011

Во 2011 година, Агенцијата учествуваше со свои прилози, кои се однесуваа на остварувањето на надлежностите на Агенцијата, во контекст на реформата на државната служба во Извештајот - придонес на Република Македонија кон Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија во 2011 година.

Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) - Ревизија 2011

Во континиутет, Агенцијата вршеше ажурирање на податоците за реализација на мерките и активностите од Поглавјето 4.1. Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација за кои Агенцијата беше одговорна институција и учествуваше во работната група IV од НПАА за административен капацитет.

Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА)

Агенцијата активно партиципираше во подготовката на информации, релевантни за работата на Специјалната група за реформа на јавната администрација (СГ РЈА). Во тој контекст, Агенцијата поготви прилози и презентации за Вториот и Третиот состанок на СГ РЈА, кои се одржаа во март и септември 2011 година и даваше мислења по Информациите до Секретаријатот за европски прашања за подготовка и одржување на овие состаноци.

НАТО

Придонесот на Агенцијата во 2011 година во врска со реализацијата на активностите за членство во НАТО се состоеше во учество на претставници на Агенцијата (на политичко и на експертско ниво) на работните состаноци во рамки на посетата на МАП/ПАРП тимот на НАТО Алијансата; во континуирано учество на претставник на Агенцијата на координативните состаноци на Работната група на Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО; ажурирање на информациите што се однесуваа на процесот на реформата во државната служба, како и во подготовка на прилог кон Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО 2011/2012.

СИГМА

Во 2011 година Агенцијата учествуваше на две работните средби со претставници на СИГМА - во март 2011 година во рамки на Оценската мисија за државната служба и систем на национален интегритет и во септември 2011 година - пред одржување на Третиот состанок на СГ РЈА помеѓу РМ и ЕУ во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

ИПА проект

Во периодот од март до декември 2011 година во тек беше реализација на **ИПА Проектот PPF 2008 - Поддршка на преминот на Агенцијата за државни службеници во Агенција за администрација.** Главна цел на Проектот беше обезбедување на техничка поддршка на Агенцијата во периодот на транзиција од аспект на новите надлежности во согласност со измените и дополнувањата на законската регулатива, по примерот на најдобрите практики од земјите членки на ЕУ. Во фокусот на интерес на проектот беа следните теми: проценка и развој на законските измени (Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници); селекција и вработување на државните службеници; дополнителните одговорности на Агенцијата, кои произлегуваат од Законот за јавните службеници во однос на постапката за селекција и вработување на јавните службеници; воведувањето на психолошки тест и тест за интегритет, според меѓународни стандарди и улогата и одговорностите на Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници.

## VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ

Разбирајќи ја важноста на реформата на државната и јавната служба, а потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката и координацијата на надлежностите, утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници, Агенцијата и Министерството за информатичко општество и администрација во септември 2011 година склучија Меморандум за соработка. Целта на овој меморандум е регулирање на постапката за размена на информации и податоци со кои располагаат овие државни органи, а се од заедничко значење за непречено остварување на нивните функции.

Агенцијата, во законски утврдениот рок, одговори на 98 барања доставени од страна на повеќе државни органи, и тоа: Народен правобранител на Република Македонија (32 барања, од кои 4 претставки); Државен правобранител на Република Македонија (42); Управен суд на Република Македонија (4); Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (4) и други државни органи (16).

Постапувајќи согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата до Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законскиот рок, достави Извештај во кој информираше дека во текот на 2011 година беше одговорено на 4 барања, поднесени од невладини организации.

Преку свои претставници, Агенцијата во текот на 2011 година учествуваше во работата на повеќе меѓуресорски работни групи.

## VII. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупниот буџет на Агенцијата за администрација во 2011 година изнесуваше 26.900.000 денари.

Од вкупниот износ на предвидени средства најголем дел, односно 75,4% беа наменети за плати и надоместоци, 10,6% за стоки и услуги, 0,2% за субвенции и трансфери и 13,8% за капитални расходи, односно за исплата на фактура за набавен хардвер во 2009 година неопходен за предвидените програмски задачи на Агенцијата.

Предвидените средства на Агенцијата за администрација од Буџетот за 2011 година, беа распределени на следната програма:

| | | Програма 2 – подпрограма 20<br>Администрација |
|---|---|---|
| Категорија | Опис | Расходи од Буџет |
| 40 | Плати и надоместоци | 20.270.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 2.841.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 79.000 |
| 48 | Капитални расходи | 3.710.000 |
| | **Вкупно** | 26.900.000 |

## VIII. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2012 ГОДИНА

Согласно Програмата за работа, планирани активности и приоритети на Агенцијата во 2012 година се:

- Воспоставување на единствен и конзистентен систем на државна служба, преку проверка и одобрување на усогласеноста на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на органите на државната служба со: Законот за државните службеници, посебните закони, Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, Уредбата за описот на звањата на државните службеници и Правилникот за содржината и начинот на подготвување на актите за внатешна организација и систематизација на работните места;

- Понатамошно унапредување на воспоставениот систем за селекција и вработување на државен службеник и промовирање и развој на системот за селекција и вработување на јавен службеник, врз основа на принципите на стручност и компетентност и почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците;

- Обезбедување на заштита на правата на државните и јавните службеници, кои произлегуваат од службеничкиот однос, одлучувајќи во втор степен по нивните жалби и приговори и

- Доекипирање на Агенцијата и доизградба на постојните човечки ресурси, заради ефикасно и ефективно остварување на надлежностите, утврдени во Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници.

ДИРЕКТОР,
ЖАКЛИНА НИКОЛОВСКА

Републикa Македонија Агенција за администрација Скопје